# КНИГАТА
од Т. Чандак (Канада)

„Тоа е 7,81 долар“ промрморе рамнодушниот продавач од дуќанот, подавајќи го пакувањето со цигари на својот постар муштерија. Мартин, седумдесет и четиригодишен виетнамски ветеран, го извади својот стар кожен паричник и погледна во него. Не му се брзаше, имаше закажано на доктор за час и половина и автобус којшто требаше да го фати за десет минути. Четириесет години воена служба, три деца и седум внуци, и за сѐ што имаше да зборува беа проблемите со градите и старата куќа полна со сеќавања. Ова беше доволно да го направи еден стар човек огорчен. Во оваа цинична пропадната слава, Мартин престана да ги забележува нештата како стариот роман којшто испадна од неговата рака кога бараше ситно. „Побрзајте, господине“, промрморе продавачот загрижено погледнувајќи во редот кој се создаваше позади стариот човек.

Книгата остана на тезгата од дуќанот додека стариот човек излегуваше од малиот пријатен дуќан. Продавачот кој беше презафатен со муштериите, не ја забележа малата добро користена џебна книга. Голем силен човек стави голема кутија жито на тезгата и грубо ја турна книгата од неа. Книгата падна на дотераниот поплочен под на дуќанот на кој стоеја зафатените жители на градот, сите премногу зафатени за да би се грижеле за еден незначителен предмет како што е книга.

Утрото стана пладне и на крајот некој го дигна романот. Во жештината во средината на денот една мајка штотуку го зеде нејзиното дете од училиште и на патот накај домот застана во дуќанот од аголот. Како што трпеливо ја водеше својата ќерка накај тезгата, многу размислуваше. Овој месец пристигнаа мноштво сметки, а нејзината плата нема да биде доволна за да ги плати сите. И за стресот да биде уште поголем таа требаше и да купи намирници за неделата што следеше. Спарната топлина на денот, заедно со немирноста на нејзината ќерка ѝ предизвикаа непрекината мигрена.

Штом се свртеа и пристигнаа до тезгата, таа почувствува тргање на нејзината рака и нејзината ќерка скокна напред да подигне нешто од подот. „Види мамо! Тоа е книга“ ,извика малото девојче. Мајката му се насмевна на своето дете кое ја подигна книгата и возбудено погледна во неа. Го прочита насловот: „Магијата на читањето“.

„Тоа е одлично мила, но сигурно му припаѓа на дуќанот“, одговори нејзината мајка, потајно завидлива на чистотата и ентузијазмот кој го покажа нејзината ќерка. Малото девојче ја држеше драгоцената книга во нејзините раце и додека мајката пазареше производи, таа го праша продавачот на дуќанот дали книгата му припаѓа нему. Продавачот рамнодушно ги подигна рамениците, а малото девојче потскокна од среќа.

Мајката и ќерката го напуштија малиот дуќан и малото девојче почна со брзи движења да поминува низ страниците на малата книга возбудена од секој збор и слика во овој нов магичен свет. Таа се обиде да чита некои од зборовите додека мајка ѝ ја водеше низ преполните тротоари, прашувајќи ја мајка си секој пат кога ќе наидеше на збор којшто беше премногу сложен за нејзините години. И покрај грижите на мајка си, возбудата на девојчето беше заразна и нејзината мајка се почувствува подобро. Кога ѝ се приближија на нивната мала куќа, таа забележа

постара жена со мало куче која се приближуваше накај нив. Детето ја оттргна раката од мајка си и потрча да го погали кучето. Мајката уморно се насмевна на ентузијазмот на малото девојче. Тоа што не го забележа беше малата книга, којашто беше брзо заборавена и падна на земја. Овој пат книгата се преврте настрана  и падна на ивицата од патот.

Пладнето се претвори во вечер и книгата остана да лежи сведочејќи за возилата кои поминуваа, како да беа на некој натпревар без крај. Друг поминувач помина, конечно го подигна осамениот роман. Нејзината трета замена дојде во форма на Калеб Патен, 19-годишен универзитетски студент, којшто се преселил во големиот град од мал град, реторички сместен во средината на никаде. Само што слушаше три часовно предавање за квантни механизми, но квантните механизми беа последни од она што тогаш му беше на памет. Калеб имаше тешки тешки ноќи, дури потешки утра и часови коишто беа долги како Илијадата. Додека неговите родители мислеа дека да се биде студент е најлесниот дел од животот, неговите две работи, драмите од неговата девојка и големите грижи за домашните задачи, зборуваа сами за себе. Застана на аголот да земе вода за пиење и го забележа малиот роман на милост на елементите. Калеб помисли, како сите други типични колеги студенти, тешко некогаш имаше време за книги, а секогаш имаше желба за добра книга. Оваа негова опсесија постоеше откако беше дете кога читаше под покривките со неговата џебна батерија во доцните часови. Ја зеде книгата, ја стави во својата курирска чанта и се качи повторно на велосипедот. Конечно Калеб пристигна во приватната станбена зграда Спартан, која ја делеше со двајца летаргични, варварски цимери. Грубо ги извлече клучевите од неговата чанта, но тој не забележа дека книгата падна доле на скалите и на празната патека.

Пладнето се претвори во вечер и еден крупен постар господин влезе во својата куќа. Седумдесет и четиригодишниот Мартин Еспосито имаше лош ден. Доцнеше на закажаното кај својот доктор и поради тоа требаше да чека во ординацијата дополнителни два часа. Вестите што му беа соопштени не беа добри – рак на градите, трет стадиум, немаше многу време останато. Колку брзо песимистичкиот, огорчен живот на Мартин се претвори во очајна потреба да ги зграпчи неколкуте последни моменти на постоење и да вкуси малку од животот. Полека се приближи кон улицата и тогаш застана на искинатата книга под неговото стапало. Се наведна да ја подигне и гледајќи во џебната книга беше изненаден кога виде дека тоа е книгата којашто ја изгуби тоа утро во друг дел од градот. „Магијата на читањето, си помисли, магија е токму тоа што ми треба сега“. Ја погледна со неверување и ја стави под својата рака, внимателно осигурувајќи се да не падне и продолжи по патеката. На светлата месечина го прошепоте неговиот омилен  цитат: „Нека книгите ви бидат вашата маса за вечера и ќе бидете полни со уживања. Нека ви бидат појадок и ќе имате мирен сон во ноќите“.

Приказна изложена од страна на Канадската глобална кампања за едукација.